**РАКОМЕТНА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

ПРОПОЗИЦИИ

# ЖЕНСКА РАКОМЕТНА ЛИГА

ЗА НАТПРЕВАРУВАЧКА СЕЗОНА 2024/2025

Врз основа на член 34 од Статутот на Ракометната Федерација на Македонија, по предлог на Натпреварувачка комисија, Управниот Одбор на ден 22.08.2024 ги донесе следните:

ПРОПОЗИЦИИ

ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ ВО ЖЕНСКА РАКОМЕТНА ЛИГА ЗА НАТПРЕВАРУВАЧКА СЕЗОНА 2024/2025

**Член 1**

Со овие Пропозиции се утврдува начинот и условите на натпреварувањето во ракометот во женска ракометна лига за натпреварувачка сезона 2024/2025 година.

**Член 2**

Во системот на натпревари во женската ракометна лига учествуваат 15 (петнаесет) екипи. Екипите учеснички задолжително учествуваат во Куп натпреварувањето за сезона 2024/2025.

Сите екипи од Женска ракометна лига за да остварат право на учество во сезона 2024/2025 задолжително мора да пријават екипа во минимум една младинска категорија (младинки, кадетки или пионерки).

**Член 3**

Учесници во женската ракометна лига во натпреварувачка сезона 2024/2025 се следните ракометни клубови:

1. РК ЃОРЧЕ ПЕТРОВ ЖРК СКОПЈЕ
2. ЖРК ЧАИР
3. ЖРК МЕТАЛУРГ АВТОКОМАНДА
4. ЖРК ВАРДАР
5. ЖРК КУМАНОВО
6. ЖРК СТРУЖАНКА
7. ЖРК ПЕЛИСТЕР 2012
8. ЖРК СКОПЈЕ
9. РК ДЕСПИНА
10. РК СПАРТАК
11. ЖРК ОВЧЕ ПОЛЕ СУ
12. ЖРК АСТИБО
13. ЖРК ШАМПИОН
14. ЖРК ГЕВГЕЛИЈА
15. ЃОРЧЕ ПЕТРОВ МРК

**Член 4**

Системот на натпреварување за сезона 2024/2025 е следен:

- Првиот дел од натпреварувачката сезона во женска ракометна лига ќе биде во групи, односно ќе бидат формирани 3 групи по 5 ракометни екипи. Екипите ќе бидат поделени во 5 пот-а согласно остварениот пласман од сезона 2023/2024. Групите ќе се формираат така што ќе се жребаат екипите од пот 1 до пот 5 редоследно.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ПОТ 1** | **ЃОРЧЕ ПЕТРОВ ЖРК** | **ЖРК ЧАИР СКОПЈЕ** | **ЖРК МЕТАЛУРГ АВТОКОМАНДА** |
| **ПОТ 2** | **ЖРК ВАРДАР** | **ЖРК КУМАНОВО** | **ЖРК СТРУЖАНКА** |
| **ПОТ 3** | **ЖРК ПЕЛИСТЕР 2012** | **ЖРК СКОПЈЕ** | **РК ДЕСПИНА** |
| **ПОТ 4** | **РК СПАРТАК** | **ЖРК ОВЧЕ ПОЛЕ СУ** | **ЖРК АСТИБО** |
| **ПОТ 5** | **ЖРК ШАМПИОН** | **ЖРК ГЕВГЕЛИЈА** | **ЃОРЧЕ ПЕТРОВ МРК** |

- Секоја екипа ќе одигра согласно бергер системот на натпревари (домаќин-гостин 2 х 4 кола), со една екипа слободна по коло, вкупно се одигруваат 10 кола.
- По завршување на 10-тото коло од регуларниот дел се разигрува play-off и play-out, односно екипите пласирани/рангирани 1-во и 2-ро место од секоја од трите групи, ќе ја формираат групата play-off од 6 екипи, а останатите 9 екипи ќе ја формираат play-out групата.
- Во play-off екипите се натреваруваат во двокружен бод систем два пати домаќин – два пати гостин (2 х 10 кола) или вкупно 20 кола до добивање конечен пласман, дополнително ракометните екипи пренесуваат бодови од првиот регуларен дел:
  - 1-от од секоја група пренесува 1 бод
  - 2-от од секоја група пренесува 0 бодови
- Во play-out групата разигруваат по еднокружен бод систем (домаќин – гостин 2 х 9 кола) вкупно 18 кола, дополнително ракометните екипи пренесуваат бодови од првиот регуларен дел:
  - 3-от од секоја група пренесува 2 бода
  - 4-от од секоја група пренесува 1 бода
  - 5-от од секоја група пренесува 0 бодови
- Бодувањето по одигран натпревар се валоризира на следниов начин:
  - Победа 2 бода;
  - Пораз 0 бодови;
  - Нерешено 1 бод;

**Член 5**

Натпреварите ќе се играат 2 x 30 минути со одмор од 15 минути. На натпреварите ќе се користи топка број 2 (ИХФ) со лепак.

**Член 6**

За натпреварувачката сезона 2024/25 при системот на натпревари при РФМ бројот на странски ракометарки кој можат да настапат на еден натпревар изнесува вкупно 8 (осум) и тоа:

- Од вкупната бројка на странски ракометарки право на настап да имаат 5 (пет) ракометари кои што имаат настап за својата национална репрезентација во било која селекција (сениорска, младинска, кадетска).
- Од вкупната бројка на странски ракометарки 3 (три) ракометарки да можат да настапат без ограничување од претходната точка по слободен избор на клубовите.
- Ограничувањето за настап на еден натпревар на странските ракометарки се однесува ЕДИНСТВЕНО на националното првенство при систем на натпревари на РФМ, а за учество во ЕХФ, ИХФ натпреварувања или СЕХА лигата нема ограничување.

**Член 7**

Со лигата непосредно раководи Натпреварувачка комисија (natprevaruvackakomisija.rfm@gmail.com) како и органи на УО на РФМ со седиште во Скопје во просториите на Ракометната Федерација на Македонија, Адреса бул. Кузман Јосифовски - Питу бр. 15 Скопје, тел. 02/2464-444, 02/2464 - 000; факс 02/2401- 773, e-mail : rfm.prvenstvo@macedoniahandball.com.mk и веб страна: www.macedoniahandball.com.mk

Натпреварувачката комисија во својот делокруг на функционирање задолжително објавува билтени кој се објавуваат на интернет страната на РФМ www.macedoniahandball.com.mk и истиот се доставува во електронска форма до клубовите.

Информациите кои произлегуваат од системот на натпревари ќе бидат нотирани согласно член 62 став 3 и став 4 од Статутот на РФМ, во тековниот календарски месец.

**Член 8**

Во случај да една или повеќе ракометарки или службени претставници бидат санкционирани со црвен или плав картон поради обид за физички напад, физички напад, плукање, и се што се подразбира под грубо неспортско однесување (црвен картон) и

екстремно грубо неспортско однесување (плав картон), сторителите на прекршокот ќе бидат автоматски суспендирани се до конечна одлука на дисциплинска комисија на РФМ. Истите се должни после натпревар да достават писмена изјава до делегатот на натпреварот или во рок од 24 часа да достават писмена изјава до Натпреварувачка комисија на е-маил: natprevaruvackakomisija.rfm@gmail.com и до координаторот на Супер лиги karbeska@gmail.com. Судиите и делегатот мора да дадат образложение за црвениот или плавиот картон во изјавата по натпреварот. Од претходното се изземаат ракометарки кои се дисквалификувани поради трето исклучување на временска казна од 2 минути, како и дисквалификувани играчи поради груб прекршок во игра према противнички играч, бидејќи казната се однесува само за тој натпревар.
Доколку сторителите на прекршокот не достават писмена изјава после натпреварот до делегатот или во рок од 24 часа (по е-маил) до Натпреварувачка комисија и Координаторот на Супер лиги, Дисциплинската комисија ќе решава без нивни изјави, а прекршителот ке биде казнет согласно Дисциплинскиот правилник на РФМ.

Доколку делегатот-контролор наведе лица кои биле присутни на настанот, Натпреварувачка комисија цени дали е потребно да земе изјави на сведоците или ги повика на службен разговор за појаснување на случувањата.

Доколку Натпреварувачка комисија има сознание или дојава за прекршување на правилата за игра, несанкционирани опасни прекршоци на одигран натпревар или груби дисциплински прекршоци а за истите не се превземени соодветни санкции од страна на службените лица (судиите и делегатот), а со гледање на снимката од натпреварот утврди дека имало елементи за превземање на санкции а не се превземени, за прекршителите ќе поднесе пријава до Дисциплинкса комисија на РФМ.

Лицето кое ќе ја повлече екипата од понатамошниот тек на натпреварот подлежи на задолжителна дисквалификација и ќе се казни согласно Дисциплинскиот правилник на РФМ.

- Екипата која го напушта теренот и се врати во определеното време од 3 минути за да го продолжи натпреварот се казнува со парична казна од 30.000,00 денари, а лицето кое се обидело да ја повлече екипата се казнува согласно Дисциплински правилник на РФМ.
- Ако екипата која го напушти теренот не се врати во рок од 3 минути, натпреварот трајно ќе се прекине, натпреварот се регистрира со службен резултат 10:0 за противничката екипа и минус еден (-1) бод од бодовното салдо на екипата која го напуштила теренот како и со парична казна согласно Дисциплински правилник на РФМ.

**Член 9**

Доколку две или повеќе екипи имаат освоено ист број на бодови, се вреднува следниот систем на одредување на пласманот на табелата:

Во случај да 2 (две) екипи имаат ист број на бодови во конечната табела, пласманот се одредува на следниот начин:

- Подобро пласирана ќе биде екипата што има освоено повеќе бодови во меѓусебните натпревари,
- Доколку во меѓусебните натпревари имаат освоено ист број на бодови, тогаш подобро пласирана е екипата што има подобра гол-разлика во меѓусебните натпревари,
- Доколку во меѓусебните натпревари гол-разликата е иста, во тој случај подобро пласирана екипа ќе биде екипата што на гости има постигнато повеќе голови,
- Доколку во меѓусебните натпревари екипите имаат ист број на победи, со идентичен резултат (иста гол-разлика, исто постигнати голови дома и во гости), во тој случај екипите го делат местото. Ако е во прашање место на табелата кое одлучува кој ќе биде првак или за учество на некој од меѓународните купови, Купот на Република Северна Македонија, кој ќе игра плеј оф или пак одлучува за испаѓање од лигата, Натпреварувачка комисија закажува одигрување на еден натпревар на неутрален терен. Местото на одигрување се одредува во согласност со екипите.
- Доколку екипите не постигнат согласност местото за одигрувањего одредува Натпреварувачка комисија. Трошоците за овој натпревар ги сносат екипите учеснички рамноправно.

Во случај да 3 (три) или повеќе екипи имаат ист број на бодови во конечната табела, се прави **МИНИ ТАБЕЛА** на екипите со ист број на бодови а пласманот се одредува на следниот начин:

- Подобро пласирана ќе биде екипата што има освоено повеќе бодови во меѓусебните натпревари,
- Доколку во меѓусебните натпревари имаат освоено ист број на бодови, тогаш подобро пласирана е екипата што има подобра гол-разлика во меѓусебните натпревари,
- Доколку екипите имаат иста гол-разлика, подобро пласирана е екипата што има постигнато повеќе голови во меѓусебните натпревари,
- Во случај да екипите во меѓусебните дуели имаат ист број на бодови, иста гол разлика, ист број постигнати голови, во тој случај го делат местото. Ако е во прашање место на табелата кое одлучува кој ќе биде првак или за учество на некој

од меѓународните купови, купот на Република Северна Македонија, кој ќе игра плеј оф или одлучува за испаѓање од лигата, Натпреварувачката Комисија закажува одигрување на **МИНИ ТУРНИР** (екипите ќе играат по еден натпревар меѓу себе) на неутрален терен. Местото на одигрување се одредува во согласност со екипите.

- Доколку екипите не постигнат согласност местото за одигрување го одредува Натпреварувачка комисија. Трошоците за овие натпревари ги сносат екипите учеснички рамноправно.

**Член 10**

Сите натпревари во сениорските лиги се играат во сабота/недела во период од 12:00 до 20:00 часот и среда/четврток со почеток од 17:00 до 20:00 часот (со исклучок во договор на екипите, а по одобрение на натпреварувачката комисија, денот и сатницата за натпреварот може да се промени).

Организатор на натпреварот и домаќин е клубот кој е во официјалниот распоред на натпреварите прво назначен од Натпреварувачка комисија.

- Во интерес на регуларноста на одвивањето на завршниот дел на првенството, Натпреварувачка комисија може да одлучи во последните 3 (три) кола од првенството одредени натпревари да се играат во ист ден и ист термин.
- Натпреварувачка комисија е должна да закаже одигрување во исто време само одделни натпревари кои одлучуваат за пласманот на табелата.
- Во исклучителни случаи Натпреварувачка комисија може да го одложи целото коло на лигите, доколку тоа го бараат општите интереси на ракометниот спорт.
- Натпреварувачка комисија по свое видување може поедини натпревари да ги утврди како натпревари од висок ризик.

**Член 11**

Натпреварувачка комисија може да одложи или презакаже одредени натпревари или цело коло во следните случаи:

- доколку играчите (или тренер) од една од екипите настапуваат во државните репрезентации предвидени со календар на ЕХФ/ИХФ или на меѓународни натпревари со репрезентацијата
- епидемија/пандемија, само согласно законската регулатива;
- елементарни непогоди, само согласно законската регулатива;
- забрана од страна на Здравствената установа или надлежниот орган на локалната самоуправа за напуштање на населено место;
- по барање на селектор за потребите на репрезентацијата (ако календарот на натпревари го дозволува тоа).

Оправданоста на образложението го цени Натпреварувачка комисија и по истото донесува одлука. Еднаш одложен натпревар на овој начин клубовите немаат право на повторно барање за одлагање на истиот.
За секој друг случај потребна е согласност на клубот чиј натпревар се одложува и претходно договорен термин за одигрување на одложениот натпревар кој се доставува до Натпреварувачка комисија најдоцна 72 часа пред закажаниот термин и истиот мора да се одигра најдоцна седум дена од претходно предвидениот термин (со исклучок на натпревар кој е закажан со ТВ пренос).
Поместувањето на утврдениот термин за играње (од сабота во недела, среда во четврток или обратно), клубот домаќин може да го измени со известување на противничката екипа, службените лица и Натпреварувачка комисија најдоцна 72 часа пред одигрување на натпреварот (исклучок е договорен ТВ пренос).
Екипа која учествува во ЕХФ натпреварување, доколку натпреварите од домашното првенство се совпаѓаат со датумот на ЕХФ календарот, има обврска натпреварите од домашното првенство да ги одигра во временски период од 7 дена пред или после совпаѓање на календарот на ЕХФ.
Секоја екипа која сака да игра меѓународен пријателски натпревар мора истиот да биде пријавен во РФМ и до Натпреварувачка комисија, најмалку 10 дена пред одржувањето на истиот.

**Член 12**

Во случај домаќинот да не врши LIVE STREAM на одреден натпревар екипата е должна да го снима натпреварот и снимката да биде предадена на делегатот по натпреварот или испратена до РФМ во рок од 24 часа, а екипата домаќин ќе биде санкционирана со парична казна од 30.000,00 денари. Во случај да натпреварот не е воопшто снимен клубот домаќин ќе биде казнет со парична казна од 60.000,00 денари.

**Член 13**

Во одредена ситуација каде што одлука на судиите може да доведе до ситуација на поднесување на жалба за натпреварот поради материјална повреда на правилата, судиите имаат право ситуацијата да ја погледнат на LIVE STREAM (ситуации во последните 30 секунди, директен црвен картон за време на целиот натпревар и ситуации кога екипа игра без голман).

**Член 14**

На натпреварите во натпреварувачката сезона 2024/2025 година право на настап имаат сите правилно регистрирани и лиценцирани ракометарки и тоа во есенскиот дел родени

2008 година и постари, а пролетниот дел 2009 година и постари.

Ракометарка без редовно извршен и заверен лекарски преглед од страна на специјалист по спортска медицина со важност од почеток до крај на есенската/пролетната полусезона нема да биде внесен во системот на играчи кои имаат право на настап.
Ракометарка под 16 години има право на настап во сениорска конкуренција доколку доставува спортски специјалистички медицински преглед на секој 3 месеци и при регистрација/лиценцирање да достави Изјава од родител заверена на нотар дека одобрува да земе учество во повисока возрасна категорија од предвидената.

Право на регистрација/лиценца во една полусезона на помлади од 16 години екипата има право на има 4 (четири) ракометарки во списокот (истите не можат да се менуваат во текот на полусезоната) кој го поднесува до Регистрациона комисија, а право на настап на еден натпревар има 3 (три) од регистрирани/лиценцирани 4 (четири).
Во општините во кои нема специјалист по спортска медицина, здравствената контрола на спортистите ќе ја врши лекар-специјалист по општа медицина или специјалист по интерни болести.

Во натпреварувачката сезона 2024/2025, секоја екипа е должна да пријави листа со минимум 20 и максимум 35 ракометарки со валиден лекарски преглед со цел да добијат лиценца и да бидат внесени во системот на играчи, во спротивно екипата нема да биде вклучена во системот на натпревари.

Листите за регистрација и лиценцирање на ракометарките и официјалните лица заедно со лекарскиот преглед треба да се доставаат најдоцна 20 дена пред почетокот на есенскиот дел и 20 дена пред почетокот на пролетниот дел на натпреварувањето. На екипите им се дава заверен список со играчи кои имаат право на настап. Играч кој не е на списокот и не е внесен во системот, НЕМА ПРАВО НА НАСТАП.

Во случај на достава на документација за регистрација на играчи после рокот предвиден од претходниот став, Регистрациона комисија одредува надомест, за извршена регистрација на играчи за сезона 2024/2025.

Ако се утврди дека на натпревар настапила ракометарка која не е во системот, ракометарка кој немала право на настап или настапила под друго име натпреварот се регистрира со службен резултат 10:0 и се одзема еден (-1) бод од бодовното салдо на екипата за која настапила и парична казна според ДП на РФМ.

Екипа што има пријавено помал број од 35 ракометарки во текот на преодниот рок може списокот да го надополни до 35 ракометарки. Екипа која веќе има пријавено листа со 35 ракометарки и во преодниот рок ангажира нови ракометарки, има право на замена на ракометарки од постојната листа.

По завршувањето на летниот преоден рок од 01.07. - 01.09.2024 година и зимскиот преоден рок од 01.01. - 28.02.2025 година, клубовите немаат право на замена или пријавување на ракометарки, освен за интернационални трансфери или прва регистрација на нова ракометарка во системот на натпреварувања до 35 ракометарки во списокот на играчи.

Во сезона 2024/2025 право на настап една ракометарка во тековната полусезона ќе има во сите категории и тоа сениорска, младинска, кадетска и пионерска категорија.
Ракометарка која настапила на натпревар за младинска, кадетска, пионерската екипа и сениорската екипа, нема право на настап во било која друга категорија во истиот ден.
Доколку една ракометарка настапи за било кои две категории во ист ден натпреварите се регистрираат со службен резултат 10:0, (-1) бод и парична казна според Член 10 од ДП а овластеното лице се казнува според Член 15 од ДП.

Ракометарка која е лиценцирана и како службено лице (А, Б, Ц, Д) има единствен број на лиценца. На ист натпревар ракометарка не може да биде внесена во записникот како играч и како службено лице.

На натпреварите во лигата службените претставници на екипите задолжително еден час пред почетокот на натпреварот на делегатот - контролор му ја доставуваат листата со заокружени максимум 16 ракометарки, а минимум 10 ракометарки и 4 службени лица од кои 1 мора да има тренерска лиценца (авторизирана/издадена лиценца со 3 категорија од страна на Здружение на ракометни тренери на Македонија согласно РИНК конвенцијата на ЕХФ).
Во случај да една од екипите не пријави минимум 10 ракометарки пред натпреварот, натпреварот нема да се одигра и ќе биде регистриран со службен резултат 10:0 за противничката екипа и -1 (еден) бод, за екипата која немала минимум 10 ракометарки пред натпреварот. Во случај и двете екипи да немаат минимум по 10 ракометарки пред натпреварот, натпреварот нема да се одигра а на двете екипи им се одзема по еден бод, -1 (еден) бод од бодовното салдо.

Делегатот контролор има право да бара документ за идентификација на одредени ракометарки или службени преставници ако постои сомневање за нивниот идентитет.

Службените претставници на клубовите мора да бидат лиценцирани за тековната натпреварувачка сезона. Во спротивно не можат да бидат внесени во системот, односно не можат да бидат внесени во записникот и да седат на клупата за резервни играчи.
На клупата за резервни играчи можат да седат максимум четири преставници и тоа само по еден претставник со лиценца А, Б, Ц, Д.

На натпревар секоја екипа задолжително мора да има службен претставник и лиценциран тренер. Доколку екипа настапи без службен претставник или лиценциран тренер, екипата ќе биде санкционирана согласно Дисциплинскиот Правилник на РФМ.

**Член 15**

<u>Клубот ќе биде казнет во следните случаи:</u>

- за фрлена петарда во сала,
- повеќе фрлени петарди,
- за секое фрлање на останати предмети (запалки, монети, шишиња, ролни хартија и други ситни метални и тврди предмети опасни по здравјето и животот на актерите на натпреварот),
- влегување на публика во терен,
- недолично скандирање или скандирање по национална, верска и расна основа на навивачки групи,

За сите прекршоци од претходните 5 става, клубот ќе биде казнет со парична казна до 150.000 денари, а за висината на казната одлучува Дисциплинска комисија.
За прекршоци кои не се наведени во овој член, ќе бидат применети одредбите од Дисциплински правилник на РФМ.
Горенаведените одредби се однесуваат и на гостинската екипа во случај прекршоците да бидат направени од страна на нивните симпатизери-навивачи.

**Член 16**

Домаќинот е должен да организира обезбедување (неопходен број редари), навреме со допис да го пријави натпреварот во МВР - во подрачната единица на која се одигрува натпреварот за што е должен на делегатот да му достави заверена пријава. За присуство на полицијата одлучува подрачната единица на МВР.
Доколку домаќинот не приложи доказ дека натпреварот е пријавен во МВР истиот нема да се одигра и ќе биде регистриран со службен резултат 10:0 за гостинската екипа и -1 бод ќе се одземе од бодовното салдо на домашната екипа и клубот домаќин ќе биде казнет со парична казна по ДП на РФМ.

**Член 17**

Ракометните клубови имаат право на приговор до официјално делегираните службени лица пред почетокот на натпреварот во врска со право на настап на ракометар/ка на конкретниот натпревар, во спротивно Натпреварувачка комисија и органите и телата на РФМ постапуваат по службена должност, по завршување на натпреварот согласно Нормативните акти на РФМ) .

По одигран натпревар екипите имаат право на жалба, доколку истата се однесува на материјална повреда, односно правила кои влијаеле на резултатот од натпреварот, или повреда од организациски аспект за спроведување на натпреварот.

Жалбата се најавува исклучиво преку овластен претставник од клубот. Најавувањето на жалбата се внесува во службениот записник по завршувањето на натпреварот по одиграниот натпревар.
Во неа мора да се наведат кратко мотивите на жалбата, а во рок од 72 часа во писмена форма преку е-маил: rfm.prvenstvo@macedoniahandball.com.mk , natprevaruvackakomisija.rfm@gmail.com и karbeska@gmail.com детално да ја образложат жалбата.
Судиите и контролорот/делегат мора да го дадат своето мислење во писмена форма (на истите е-маил адреси) со наводите во најавената жалба.
LIVE STREAM, ЦД-то или УСБ-то од натпреварот се зема како доказен материјал за решавање на жалбата. Натпреварувачка комисија снимката ќе ја гледа само во случај жалбата да се разгледува.

Натпреварувачката Комисија при РФМ постапува единствено по писмено образложение на жалбата од екипата која поднесува жалба и приложена уплатата во износ од 30.000,00 денари за материјална повреда или приложена уплата од 10.000,00 денари за повреда од организациски аспект за спроведување на натпреварот. Уплатата и жалбата да бидат доставени во рок од 72 часа по завршување на натпреварот. Во случај на материјална повреда се прегледува целиот одигран натпревар.

Жигот на поштата од препорачаната пратка се зема како доказ за оцена на благовременоста на испратената жалба. За ненавремено доставување на писменото образложение или уплатата за најавената жалба, истата не се разгледува. Жалителот може да се откаже од жалбата се до нејзиното донесување, односно се до донесувањето на одлука по неа и тоа со писмено образложение. Во тој случај уплатата се враќа. Толкување за најавената жалба дава Натпреварувачка комисија, а решава

Дисциплинската комисија на РФМ.

Одлуката на Дисциплинската комисија се објавува во билтенот кој што се објавува на WEB страната на РФМ www.macedoniahandball.com.mk и истото се доставува по електронска пошта до клубовите што се смета дека датумот и времето на објавување е датум на предавање на решението до странките во жалбената постапка (билтенот).

**Член 18**

За се што не е прдвидено во Пропозициите важат одредбите односно актите на Регистрациониот правилник, Дисциплинскиот правилник, Правилата на ракометната игра, Правилник за организација и спроведување на ракометни натпревари, Нормативните акти на РФМ и позитивните законски прописи.

**Ракометна Федерација на Македонија**
**Натпреварувачка комисија**